РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-871/3
24.03.2022 год
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


**До**
**Службено лице за посредување со информации**
**Општина Крива Паланка**

**Предмет: Одговор на барање**
**Врска: Ваш број 18-871/2 од 15.03.2022 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање заведено под горенаведениот број, ви ги доставуваме следниве информации:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до имформациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуки кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина?

   **Општина Крива Паланка нема пропишано посебни постапки.**

2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина (чл. 45 став 5 од Законот за животната средина)?

   **Општина Крива Паланка нема изработено извештај за состојбата на животната средина.**

3. Дали општината ги исполнува условите за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола? (чл. 123 од Законот за животната средина)?

   **Да**

4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина? Ако да, колку овластени инспектори има?

   **Да, еден овластен инспектор за животна средина**

5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина?

   **Не**

6. Дали општината има донесено ЛЕАП согласно член 60 од Законот за животната средина? Дали во изработка учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементтацијата на ЛЕАп-от?

   **Општина Крива Паланка нема изготвен ЛЕАП. Последниот изготвен ЛЕАП е во 2004 година.**

7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно член 186 став 3 и 4 од Законот за животната средина?

   **Не**

8. Дали на територијата на општината постои заштитено заштитно подрачје согласно Законот за заштита на природата?

   **Дел од Осоговските Планини, заштитенио подрачје во категорија V – заштитен предел. Одлуката за прогласување е објавена во „Службен весник на РСМ“ бр. 277/20.**

9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно член 46 од Законот за урбанистичко планирање?

   **Да;**

   **Партиципативното тело е во состав:**
   - **Димитар Петровски;**
   - **Маја Костадиновска;**
   - **Иван Велиновски;**
   - **Кире Велески;**
   - **Александар Величковски;**
   - **Грозде Бошковски; и**
   - **Гоце Вучковски.**

   **Во партиципативното тело има лица под 30 години.**

Со почит.

Изработил: Оливер Стојановски

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита
на животна средина и комунална инфраструктура
Раководител,
Маја Костадиновска

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-871/4**
**30.03.2022 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-3

**До Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВА НА ИНФОРМАЦИИ**

Почитувани, постапувајќи по Вашето барање а во врска со Барањето бр. 18-871/1, 15.03.2022г. од Македонско здружение на млади правници (МЗМП), улица Донбас бр. 14-1/6,1000 Скопје, согласно нашите надлежности Ви ги доставуваме бараните информации и тоа:

1. **Информација за точка 10 од барањето:**
   **ДА** во рамките на нашата општина егзистира „Локален младински совет,, во континуитет во изминатиот период, чиј мандат во моментот е завршен.
   На 17.03.2022 година се одржа Локалното собрание за млади на Општина Крива Паланка, ја одржа конститутивната седница, на која за претседавач е избрана Ангела Тасевска, од Центар за младински иницијативи „ЦИК-ЦАК" Крива Паланка. Со формирањето на Локалното собрание за млади, продолжува постапката за избор на членови на Совет на млади, утврден со Законот за младинско учество и младински политики.
   На ден 22.03.2022 година врз основа на член 18 став (1) и став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/2020) и член 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 08/2021), Локалното собрание на млади на Општина Крива Паланка распиша Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на советот на млади на општина Крива Паланка.
   https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/27823
   https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/27840
2. **Информација за точка11 од барањето:**
   **ДА - Општина Крива Паланка има донесено локална стратегија за млади**
   Линк- https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Strategija_za_mladi_2019-2024.pdf
3. **Информација за точка 12 од барањето:**
   Преку директно и индиректно учество на општинскиот малдински совет и здруженија на граѓани од општината на форумите , вклучително и буџетските форуми кои во општината се одржуваат континуирано, бидејќи општината е ориентирана кон партиципативно креирање на локалните политики.

Место и датум : 29.03.2022г.
Крива Паланка

..............................................................
Раководител на одделение за правни и општи работи

**Даниела Велковска**